ООУ „Христијан Тодоровски Карпош ” - Скопје
Општина Карпош
Република Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

## „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ - КАРПОШ“ - СКОПЈЕ

## ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**Август 2025 година**

**Содржина:**

*1. Вовед* ........ *3*
*2. Лична карта на училиштето* ........ *3*
*3. Настава* ........ *6*
*4. Оценување* ........ *8*
*5. Воннаставни активности* ........ *9*
*6. Поддршка на ученици* ........ *9*
*7. Грижа за здравјето* ........ *10*
*8. Училишна клима и односи во училиштето* ........ *10*
*9. Професионален развој на образовниот кадар* ........ *11*
*10. Комуникација со јавност и промоција на училиштето* ........ *11*
*11. Прилози* ........ *12*

# 1. Вовед

Наставата и другите форми на воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година се реализирани врз основа на Законот за основно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука, како и по Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2024/2025 година, објавена во Службениот весник на РСМ бр. 164, од 8.8.2024 година.
Годишниот извештај претставува документ кој содржи битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во учебната 2024/2025 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници, наставниците, учениците и родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето. За голем дел информации на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, линкови за пobликувани прилози, извештаи и сл.).
Обврската за изготвување на овој извештај произлегува како резултат од потребата на училиштето да го согледа постигнувањето на училиштето и остварувањето на Годишната програма за работа, за резултатите од работењето на училиштето.
Извештајот има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во врска со остварувањето на програмските определби предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2024/2025 година.
Поаѓајќи од ова, како и од значењето на функцијата што ја остварува училиштето, наодите од Извештајот ќе послужат, како поттик за нивно анализирање од страна на вработените, стручните активи, органите во училиштето, а резултатите од тоа ќе се искористат за уредување на одредени мерки кои ќе придонесат за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста на училиштето.
При конципирање и изготвување на Извештајот се користени извештаи, анализи, податоци, информации, констатации, мислења и предлози, кои се евидентирани во педагошката евиденција и документација.
Во извештајот се содржат информации за остварување на Годишната програма, а  во него посебно се презентирани состојбите во врска со успехот, поведението и редовноста на учениците, како и постигнатите резултати на учениците и на наставниците.

# 2. Лична карта на училиштето

**Основни податоци за училиштето**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Христијан Тодоровски Карпош |
| **адреса, општина, место** | Орце Николов 61, Карпош, Скопје |
| **телефон** | 02 3065 337 |
| **фах** | 02 3065 337 |
| **е-маил** | htkarpos@gmail.com |
| **основано од** | Собрание на општина Карпош |
| **Верификација- број на актот** | 11-587/1 |
| **Година на верификација** | 1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски |
| **Година на изградба** | 1955 |

| | |
|---|---|
| **Тип на градба** | тврда |
| **Површена на објектот** | 2579 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 16 141 $m^2$ |
| **Површина на спортска сала** | 650 $m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење, Топлификација БЕГ |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 18 |
| **Број на смени** | една смена |

**Структура на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Членови на Училишен одбор** | Ивона Пејиќ– претседател, Валентина Ковачевска, Татјана Велкова, Миливоје Никиќ, Виктор Кралевски, Розалина Карулова, Виктор Грозданов. |
| **Членови на Совет на родители** | 1.Силвија Мишевска 1-а; 2.Дијана Јовановиќ 1-б; 3. Дамир Незири 2-а; 4. Анастасија Свенчева 2-б; 5. Виолета Арсовска 3-а; 6. Руси Пенчев 3-б; 7. Дијана Марковска 4-а; 8. Александра Крколева Матеска 4-б; 9. Елена Петковска 5-а; 10. Александра Жикова Настоска5-б; 11. Елизабета Божиновска 6-а; 12. Снежана Андраши 6-б; 13. Бојан Неделковски 7-а; 14. Виолета Грамбозова-Симјаноски 7-б; 15 Сандра Митреска. 8-а; 16. Весна Давидовска 8-б; 17. Розалина Каруловска 9-а; 18. Ивона Пејиќ 9-б |
| **Стручни активи** | Одделенска настава: 1 стручен актив; Предметна настава: 2 стручни активи |
| **Одделенски совети** | Одделенска настава: 16 наставници<br>Предметна настава: 15 наставници |
| **Членови на Ученичка заедница** | 8 |

**Наставен и ненаставен кадар**

| **Одделение** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 46 | 6 | 36 | | | | | | | | 3 |
| **Број на наставен кадар** | 33 | 5 | 27 | | | | | | | | 1 |
| **Број на стручни соработници** | 4 | 0 | 4 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | 0 | 1 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 7 | 1 | 6 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | 0 | 1 | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | 36 |
| **Виша стручна спрема** | 3 |
| **Средно образование** | 7 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 1 |
| **31-40** | 7 |
| **41-50** | 23 |
| **51 - пензија** | 15 |

## Ученици

| Одделенија | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 2 | 51 | 32 | 19 | | | | | | | | |
| II | 2 | 41 | 18 | 23 | | | | | | | | |
| III | 2 | 45 | 26 | 19 | | | | | | | | |
| IV | 2 | 49 | 20 | 29 | | | | | | | | 1 |
| V | 2 | 53 | 19 | 34 | | | | | 1 | | 1 | 1 |
| **I - V** | **10** | **240** | **116** | **124** | | | | | **1** | | **1** | **2** |
| VI | 2 | 39 | 30 | 15 | | | | | | | | |
| VII | 2 | 39 | 20 | 19 | | | | | | 1 | | |
| VIII | 2 | 40 | 20 | 20 | | | | | | | | |
| IX | 2 | 52 | 29 | 23 | | | | | | 1 | 1 | |
| **VI – IX** | **8** | **177** | **101** | **76** | | | | | | **1** | **2** | |
| **I - IX** | **18** | **417** | **217** | **200** | | | | | **1** | **2** | **3** | **2** |

Во учебната 2024/2025 во основното општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош" наставата ја следеа 402 **ученици** од кои **196 женски** и **206 машки.** Во одделенска настава има 110 девојчиња и 115 момчиња, а во предметна настава има 86 девојчиња и 91 момче.
Наставата воглавно ја следат ученици од македонска националност, но во мал број има и ученици од другите националности и тоа: **роми** (2 девојчиња и 1 момче) и други (3 момчиња и 2 девојчиња). Вкупно ученици кои се припадници на другите етнички заедници се 11 ученици.
Учениците се распоредени во **18 паралелки** и тоа: **10паралелки воодделенска настава** и **8 паралелки во предметна настава**.
Училиштето работи во **една смена.**

**Наставен јазик**

| | **Наставен јазик- македонски** | **Наставен јазик- албански** | **Наставен јазик- турски** | **Наставен јазик- српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на класови** | 18 | | | |
| **Број на ученици** | 402 | | | |
| **Број на професори** | 33 | | | |

## 3. Настава

Согласно наставниот план и програма за основно образование наставата се планира, организира, реализира и истата континуирано се следи. Во планирањето и реализацијата на наставата се посветува внимание на сите категории ученици.
Распоредот на наставните часови беше подготвен за првиот ден од учебната 2024/2025 година.
Во него се опфатени:
- наставни часови за задолжителни предмети,
- наставни часови за изборни предмети,
- наставни часови за одделенската заедница

Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставникот Витомир Лазороски , а за одделенска настава го подготвуваат одделенските наставници на ниво на активи од исто одделение. Промени во распоредот на часови одобрува директорот на училиштето. При реализација на наставата се применуваа разни форми, методи и техники.
Согласно наставните планови во училиштето се реализира и друг вид на настава и тоа:
-Дополнителна настава
-Додатна настава
-Слободни ученички активности
-Хор и оркестар.

**Организација на наставата**

Согласно наставни програми за основното образование наставата се планира, организира, реализира и истата континуирано се следи. Во планирањето и реализација на наставата се посветува внимание на сите категории ученици.
При реализацијта на воспитно-образовниот процес сите ученици подеднакво се третирани без оглед на полот,етничка припадност и социјалното потекло. Диференцијата на учениците се прави врз основа на потребите на учениците во брзината на напредување, техниките на учење, здравствените потреби и особеностите кои произлегуваат од личноста на ученикот.

**Задоволување на потребите на учениците**
Училиштето ги идентификува индивидуалните потреби на учениците преку:
-следење на постигањата на учениците во наставата, усмерување на техниките на учење, повратна информација за напредокот и давање насоки за подобрување на постигањата;
-вклучување на учениците во слободните активности за кои покажуваат способност и афинитет;
-работа со надарени ученици на часовите на додатна настава како основ за учество на натпревари;
-зголемено учество на учениците на конкурси и натпревари;
-реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потреби за совладување на наставниот материјал;
-прилагодување на наставата кон учениците со пречки во развојот,
-советодавно-консултативни разговори со ученици според потребите;
-животни вештини –час на одделенската заедница.

**Планирање на наставниците**
Наставниот кадар ја подобрува својата стручност преку (он лајн) семинари и обуки. Резултатите се видливи при планирањето и реализирањето на наставата. Во годишните, тематските и дневните планирања:
-прецизно се дефинирани целите;
-зголемен е бројот на постапки/инструменти за следење на постигнувањата на учениците;
-се практикува активни форми на наставата со групна – тимска работа, работа во парови;
-постои диференцирани цели за учениците со ПОП и за талентирани ученици.

**Организација на задолжителна настава**
За реализација на задолжителната настава по задолжителните предмети, навреме беа доставени Годишните планирања на наставниците. Редовно и континуирано се планираа тематските и дневните подготовки на наставните содржини, а нивниот квалитет беше следен и вреднуван од директорот и стручните служби на училиштето.
Задолжителната настава претставува основа за реализација на планираните воспитно-образовни цели на основното образование и овозможува вертикална проодност за понатамошното школување на ученикот во средното образование.
Задолжително образование на учениците според старосната возраст започнува од 5 години и 8 месеци до 15 години поделено во три периода и тоа од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение.
**Изборна настава**
За наставата по изборни предмети исто така на време беа изготвени сите планови и програми. Во нашето училиште се реализираше изборна настава:

| | |
|---|---|
| **VIа и VIб одделение**<br>- Класична култура на европската цивилизација<br>- Градинарство | **VIIа и VIIIа**<br>- Нашата татковина |
| **VIIб и VIIIб** | **IXа и IXб одделение** |

| | |
|---|---|
| - Вештини на живеење<br><br>-Оригами | - Танци и народни ора |
| **IVа IVб**<br>- Игри за разрешување на конфликти<br>- Оригами | **Vа и Vб одделение**<br>- Творештво<br>- Оригами |

**Дополнителна настава и Додатна настава**

Дополнителната настава се организира за оние ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.
Во текот на првото полугодие беше реализирана дополнителна и додатна настава според наставниот план доставен од страна на Биро за развој на образованието. Во одделенска настава по 32 часа годишно наизменично (64 вкупно), а во предметна настава деветгодишно основно образование по 32 часа годишно наизменично (64 вкупно).

**Проекти во училиштето**

Во текот на учебната 2024/2025 година во наставата се имплементираат разновидни активности поврзани со:

| Реден број | Училиштето и понатаму ќе продолжи со реализација на проектните активности |
|---|---|
| **1.** | Проект „Одржливост на иницијативата за вклученост на младите во позитивни промени и унапредување на животната средина“ |
| **2.** | Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието |
| **3.** | Проект „Кеси од отпад за кеси за отпад“ |
| **4.** | Проект „ Љубов за Дамјан” – Вилсонова болест |
| **5.** | Проект на општина Карпош во соработка со РЕЦ – Правилно компостирање и начин на искористување на компостот |
| **6.** | Проект со Македонски шуми |

## 4. Оценување

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во учебната 2024/2025 година, првиот период (I до III одд) се оценува описно, во вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно во првото тримесечие,

описно на крајот на првото полугодие и описно на крајот од третото тримесечие. Учениците од третиот период (VII-IX одд) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5).
Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, редовност на учениците и поведението на учениците.
**Следењето** на учениците се изведуваше индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се вршеше по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.
**Оценување како дел од наставата**
**Оценувањето** на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
Унапредување на оценувањето претставува стратешка цел и приоритет на училиштето. Во тој правец, во текот на учебната 2024/2025 година се движеше вака:
Стручните активи работеа на унапредување на критериумите за следење и вреднување на постигањата на учениците, го зголемија бројот на инструменти за следење и вреднување на учениците, ги унапредија подготовките за настава со дефинирани цели и активности за ученици со попреченост и талентирани ученици и ја интезивираа тимската работа на наставниот кадар.
***Известување на напредокот на учениците***
Успехот, изостаноците и поведението на учениците редовно се следи од одделенскиот раководител и стручната служба. За сите постигања на учениците, успехот и поведението постојано се обезбедуваат повратни информаци:
-усна или писмена повратна информација од наставникот за ученикот;
-одржани редовни родителски средби; и
-информации пред Совет на родители;

## 5. Вонаставни активности

Вонаставните активности правилно го насочуваат ученикот во формирање на неговата личност и неговата социјализација, од одредени области на науката и техниката, но и создавање навика за рационално користење на слободното време.

**Училишен спорт**
Во рамките на нашето училиште постојат спортските екипи:екипа во одбојка, екипа во фудбал. Во учебната 2024/2025 година тие учествуваа во општинските училишни лиги.
Подготовките и тренинзите се одвиваа континуирано во текот на целата учебна година.

## 6. Поддршка на ученици

### Постигнувања на учениците

Во нашето училиште, ученикот е главен субјект при реализацијата на воспитно-образовниот процес. Во таа насока, училиштето ги презема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици добри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати. Постојано

стручната служба и наставниците прават анализи за потребите на учениците, но и на наставниците, кои ја доведоа до подобрување и унапредување наставата. Во овој дел се става акцент и на идентификацијата и утврдувањто на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби.
Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

**Превентивни програми**

Превентивните програми кои се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се отфрлиле неприфатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивавње на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми.
Превентивните програми опфаќаат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини.
Превентивните програмите се реализираат преку редовната настава (одделенски час – програма за животни вештини, изборната настава како и воннаставни активности).

## 7. Грижа за здравјето

**Хигиена, систематски прегледи и вакцинирање**

Во училиштето во текот на учебната година се води грижа за зачувување на здравјето на учениците. Грижата за здравјето на учениците се реализира преку следните активности:

- редовни систематски прегледи и имунизација на учениците, во соработка со здравствените институции во општина Карпош,
- унапредување на здравјето преку редовна физичка активност,
- редовно одржување на хигиената на училиштето и училишниот двор како простори каде учениците го поминуваат најголемиот дел од денот.

**Едукација за здрава исхрана**

Здравата исхрана подразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук.

**Главна цел на програмата за унапредување на здравјето**:

- формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.
- формирање на личност која постојано ќе собира нови знаења за здравјето и здравата исхрана.
- доживотно практикување на здрава исхрана и учење за истата.

## 8. Училишна клима и односи во училиштето

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент и добри меѓусебни односи. Активности кои се реализирани со цел создавање и одржување позитивна клима и коректен однос во училиштето насочени се кон : естетското и функционално уредување на училиштето и училишниот двор, етички кодекс, дисциплина, мултикултурализам и односи меѓу сите структури.

## 9. Професионален развој на образовниот кадар

**Детектирање на потребите и приоритетите**

Концептот , односно мотото под кое нашиот кадар се води е *„учењето е доживотен процес“.* Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во образовниот процес и зема активно учество.

Во однос на детектирањето на потребите за професионален развој, тимот за професионален развој ги следи потребите и промените, можеме да кажеме дека на наставничките состаноци, како и на редовни состаноци во училиштето, самите наставници покажуваат инцијатива и искажуваат потреба за одредени обуки кои им се потребни како поуспешно би ги реализирале наставните содржини.

## 10. Комуникација со јавност и промоција на училиштето

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

Нашето училиште контиунуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ги презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, пошироката јавност и општината „Карпош“. За комуникација и промоција училиштето има своја WEB страна и FB страна.

**Локална заедница**

Училиштето како воспитно-образовна институција е во постојан дијалог со локалната заедница, остварува перманентна и континуирана соработка, вклучувајќи го локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето.

## *11. Прилози*


*I. Годишен извештај за работата на директорот  за учебната 2024/2025 година* ..... *13*
*II. Годишен извештај за работата на Училишниот одбор за учебната 2024/2025 година* ..... *33*
*III. Годишен извештај за работата на  педагогот за учебната 2024/2025 година* ..... *37*
*IV. Годишен извештај за работата на психологот за учебната 2024/2025 година* ..... *40*
*V. Годишен извештај за работата на Дефектологот за учебната 2024/2025 година* .....*45*
*VI.Годишен извештај за работата на библиотекарот за учебната 2024/2025 година* ..... *49*
*VII. Годишен извештај за работата на советот на родители при ООУ„ Христијан Тодоровски Карпош“ за учебната 2024/2025 година* ..... *53*
*VIII. Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ за учебната 2024/2025 година* ..... *54*
*IX. Годишен извештај за работата на одделенскиот совет од одделенска настава за учебната 2024/2025 година* ..... *57*
*X. Годишен извештај за работата на одделенскиот совет од предметна настава за учебната 2024/2025 година* ..... *58*
*XI. Годишен извештај за работата на стручен актив на одделенска настава за учебната 2024/2025 година* ..... *59*
*XII.  Годишен извештај за работата на стручен актив на предметна  настава за учебната 2024/2025 година* ..... *61*
*XIII. Годишен извештај за еколошки активности за учебната 2024/2025 година* ..... *63*
*XIV. Годишен извештај за професионален развој на наставниците и стручните соработници  за учебната 2024/2025 година* ..... *64*
*XV. Годишен извештај за работата на инклузивниот тим за учебната 2024/2025 година* ..... *68*
*XVI. Активности за оценување за учебната 2024/2025 година* ..... *70*
*XVII. Годишен извештај за реализирани воннаставни активности за учебната 2024/2025 година – Одделенска настава* ..... *71*
*XVIII. Годишен извештај за реализирани воннаставни активности за учебната 2024/2025 година – Предметна настава* ..... *85*
*XIX. Годишен  извештај за учество, реализирани натпревари и  освоени награди во учебната 2024/2025 година* ..... *99*
*XX. Годишен извештај за јавна и културна дејност за учебната 2024/2025 година* ..... *107*
*XXI. Годишен извештај за реализирани активности и состаноци на ученичкиот парламент за учебната 2024/2025 година* ..... *112*
*XXII.Годишен извештај за работата на детската организација заучебната 2024/2025 година* ..... *115*
*XXIII. Годишен извештај за грижа за здравјето на учениците во учебната 2024/2025 година* ..... *116*
*XXIV. Годишен извештај за професионална ориентација на учениците од IX одделение* ..... *118*
*XXV. Годишен извештај за работа со ученици со потешкотии во учењето* ..... *119*
*XXVI. Училишна клима и односи во училиштето во  учебната 2024/2025 година* ..... *120*
*XXVII. Преглед - Годишен статистички извештај* ..... *120*

**I. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО**

| | ***1.ВОДСТВО*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ | ИНДИКАТОРИ<br>докази/форми/<br>методи | ИСХОДИ |
| | Подготовки за изработка на годишна програма | Да се изготви годишна програма со јасно дефинирани и остварливи цели во сите области и подрачја од работењето и реализација на наставата | Јуни-јули | Стручна служба,<br>Тим за изработка на годишна програма,<br>Наставници,<br>Директор | Тимска работа,<br>Акциони планирања, изготвена годишна програма | Изработена годишна програма; |
| | | | | | | |
| | Соработка со стручните активи | Спроведување и реализација на планираните активности на стручните активи,хоризонтален и вертикален проток на информации и знаења со цел јакнење на организациското учење; | Во текот на учебната година | Претседатели на стручни активи<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Тимска работа | Одржани состаноци на стручни активи,<br>реализирани интегрирани часови-хоризонтално учење; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка со формирани тимови во училиштето | Мотивирање, помош и поддршка на тимовите за постигање на целите поради кои се формирани. | Во текот на учебната година | Наставници,<br><br>Стручни соработници | Реализација на поставените цели | Присуство на состаноците на тимовите, изнесување на сопствено мислење,дадена стручна помош и поддршка |
| | Соработка со Училишниот одбор | Постигнување на ефикасност и ефективност во управувањето со училиштето; | Во текот на учебната година | Наставници,<br><br>Стручни соработници,<br><br>Претставници од локалната самоуправа,<br><br>Родители | Записници и одлуки од Училишен одбор | Присуство на сите состаноци од Училишниот одбор,на кои е поканет, непречен проток на информации, спроведени одлуки, непречено функционирање на училиштето |
| | Соработка со Советот на родители | Двонасочен проток на информации и јакнење на меѓусебната доверба и поддршка, | Во текот на учебната година | Наставници,<br><br>Стручни соработници, Родителли | Записници од Советот на родители,<br><br>Понуди, фактури за набавена опрема и садници | Одржан прв состанок на Советот на родители, пренесени битните информации за работењето на училиштето,<br><br>присуство на сите состаноци на Советот на родители |
| | Поддршка на наставниците и учениците | Успешност на натпреварите, реализирани проекти и работилници | Во текот на целата година | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Наставници<br><br>Ученички парламент<br><br>Ученици | Евидентни листи, свидетелства, додатоци на свидетелства, Дипломи и пофалници за индивидуални тепостигнувања на учениците, освоени награди , Извештаи од здруженијата за освоени награди | Освоени општински, регионални и државни награди на реализираните натпревари; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка со Ученичкот парламент и Ученичкиот правобранител | Согледување на потребите на учениците и надминување и решавање на појавените проблеми и потешкотии | Септември-јуни | Претседател на Ученичкиот парламент Ученички правобранител Одговорен наставник | Присуство на состаноци, Записници | Зголемена мотивираност и зголемена на самодовербата кај учениците. |
| | Организирање на заеднички активности: Родители, наставници ученици | Реализирање заеднички активности од страна на наставниците, учениците и родителите | Септември - јуни | Директор, родители, наставници | Записници, презентации, фотографии | Реализирани работилници, воннаставни активноси, часови |
| | Воспоставување на Правила и процедури | Да се воспостави систем на правила и процедури којќе биде прифатен од сите учесниците во воспитно-образовниот процес | Септември-август | Директор | Тимови, состаноци на Училишен одбор и Совет на родители | Воспоставени правила и процедури во училиштето – Куќен ред |
| | Изготвување на ИОП За секој ученик со ПОП | Да се изготви програма според индивидуалните потреби на учениците со ПОП | Септември | Дефектолог наставници | Состаноци специјален едукатор-рехабилитатор наставници | Изготвени ИОП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување активности од МИО | Успешност во рализирање на планираните актвности од годишната програма за МИО | Септември - август | СИТ за МИО | Записници од реализирани активности , со ООУ „Јосип Броз Тито“ од с.Жировница | Редовна реализација на планот за МИО |
| | Спроведување активности од екологијата | Успешност во рализирање на планираните актвности од годишната програма за еколошка едукација | Септември - август | ЕКО тим, ученици | Реализирани часови од екологија | Реализација на планираните ЕКО активности според дадената програма. |
| | Спроведување активности од мултикултурализмот | Зајакнување на меѓуетничката интеракција помеѓу децата и унапредување на меѓукултурното образование | Септември - август | Наставници, ученици во соработка со тимот | Записници од реализирани активности | Реализирани активности |
| | Планирање и грижа за реализација на состаноците и активностите на Советот на родители | Непречено и навремено одвивање состаноците на советот на родители | Септември - август | Родители Стручни соработници, Наставници | Записници од состаноци | Записници од одржани состаноци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите | Вклучување на што поголем број на родители во активностите на училиштето, преку различни форми на соработка | Септември - јуни | Стручна служба, родители, Проектен тим во состав од: м-р Санела Токарева, Сандра Гратчанец Дучевски, Елизабета Божиновска, Васка Карадимче) Директор, д-р Мирјана Алексова, МЖСПП на РСМ наставници | Реаализирани активности. со група родители за проектот, за кој беа добиени средства(на кон од МЖСПП, за уредување на училишниот двор ,,Одржливост на иницијатива за вклученост на младите во позитивни промени и унапредување на животната средина,, | Клупи во летната училницијa, чадор, систем з наводнување во стаклената градина, садници, клупи во кружна форма во училишниот двор |
| | Насоки за родителските состаноци | Подготвеност на наставниците за запознавање на родителите со успехот на учениците и реализација на програмата за работа | Септември - јуни | Директор, стручна служба, наставници | Родителски средби, наставнички совети, одделенски совети | Одржани родителски состаноци |
| | Организирање и координирање на активности за информирање на родителите | Остварување на добра соработка со родителите, нивно редовно информирање и запознавање со целокупните активности во училиштето | Септември - јуни | Наставници, директор, стручна служба | Родителски, групни и индивидуални средби со родителите | Поделени писмени извесувања, евидентни листови, електронска пошта. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Откривање на родители кои можат да с вклучат и придонесат во реализирање на одреден активности | Остварување на добра соработка со родителите и нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето . | Септември - јуни | Наставници директор, стручна служба, | Заеднички наставни и воннаставни активности | Записници од реализирани часови часови и активности кои учествувале родителите Доделени благодарници за родителите. |
| ***2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ*** | | | | | | |
| | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ | ИНДИКАТОРИ докази/форми/ методи | ИСХОДИ |
| | Формирање на тимови за различни дејности и следење на нивната работа. | Зголемено реноме на училиштето во локалната средина и пошироко | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручна служба, ученици | План за работа и активности на тимовите | Извештај за реализирани активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Грижа за одржување на Веб сајтот и FB профилот на училиштето | Користење на WEB страната и FB профилот, како алатка за промоврање на постигањата и како средство за информирање на родителите и пошироката заедница за активностите на училиштето. | Во текот на цела година | Тим за одржување на Веб сајтот и FB профилот | Промовирање на активностите, настаните и постигнувањата, | Редовна контрола во однос на работата и објавите на WEB страната и FB профилот |
| | Организирање на училишни приредби | Создавање и одржување на позитивен однос и соработка со родителите и одбележување на значајни датуми. | Септември - јуни | Наставници, родители, ученици | Реализирани приредби | Реализиран свечен прием на првачињата,<br>Приредби од првачињата<br>Завршна приредба |
| | Организирање на активностите по повод Патрониот празник | Презентирање на то работење на училиштето и неговиот раст и развој | Февруари | Наставници, родители, ученици, стручна служба | Записници,<br>Реализирани приредби,<br>фотографии | Реализирани активности по повод Патрониот празник,<br>Свечена приредба |
| | Организирање и одржување на состаноци, средби,работилници. | Јакнење и развивање на формалната и неформалната комуникација | Континуиран о во текот на целата година | Наставници, родители, ученици, стучна служба | Записници од состаноци, средби и работилници | Број на поставени и остварени заеднички цели |
| | Континуирано промовирање на работата, постигнувањата и успесите на учениците | Користење на различни начини на презентирање со цел да се промовира училиштето во средината на живеење и пошироко. | Континуиран о,<br>во текот на учебната година | Наставници, родители, ученици, стручна служба | Број на видео записи, број на статии и објави во пишаните медиуми | Промовирање преку сајтот на училиштето, FB профилот и сајтот на Општина Карпош. Завршна приредба со дипломи на ученици и наставници. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воспоставување на систем на комуникација во училиштето | Јасен и непрекинат проток на идеи и информации на сите нивоа во училиштето | Континуирано во текот на целата година. | Наставници, стручна служба | Користење на говорна, електронска и пишана комуникација во училиштето | Остварена двонасочна комуникација преку електронски пат и тет-а-тет средби |
| | Формирање на тим за кризни ситуации и тим за справување со врсничко насилство | Ефективно превенирање и разрешување конфликти | Септември-јуни | Педагог психолог дефектолог | Записници на тимот за кризни ситуации и записници од тимот за спречување врсничко насилство | Мал број на конфликтни ситуации |
| | Коучинг средби со вработените | Согледување на пропусти и грешки во работењето и мотивирање за поголема ефикаснос и ефективност во работењето | Август- јуни | Наставници, педагог, психолог дефектолог | Број на тет-а-тет средби | Зголемена продуктивност во работењето |
| | Превенирање и разрешување конфликти | Градење на добри меѓучовечки односи | Во текот на целата година | Директор, стручна служба, наставници | Колаборативно преговарање, посредување | Позитивна организациска клима |
| | Воспоставување на односи на база на меѓусебно почитување и разбирање | Поттикнување и градење на систем на позитивни вредности и меѓусебно почитување меѓу сите субјекти во воспитно образовниот процес | Во текот на целата учебна година | Наставници, родители, ученици | Во текот на целата учебна година | Подобрена организациска клима |
| | Изготвување на план за личен професионален развој | Зголемување на личните капацитети како лидер и менаџер на училиште | Во текот на целата година | Тим за професионален развој, директор | Изготвен план | Подобрени компетенции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество на семинари за директори на училишта. | Професионално усовршување и напредување | Во текот на целата година | МОН, БРО, Акредитирани установи за обуки,<br><br>Конференција за директори Загреб<br><br>Напредна обука за директори Скопје | Број на посетени обуки и семинари | Сертификати од посетените обуки |
| | Изготвување на план за стручното усовршувањена наставниот кадар; | Зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето | Август-септември | Тим за професионален развој,<br><br>директор | План за професионален развој | Реализирани голем број на обуки од страна на изготвени извештаи |
| | Поттикнување на наставниците за стручно усовршување , примена на современи наставни методи и техники, ИКТ во наставата | Мотивирање на наставниците за личен и професионален развој и зголемување на способностите во работењето | Август-Јуни | Стручен кадар од различни области; Стручна служба | Записници од одделенски и наставнички совети | Зголемен број на наставници кои стручно се усовршуваат, примена на современи методи во наставата |
| | Организација на семинари, обуки и дисеминации на обуки | Да се биде во чекор со промените и современите текови во образованието | Во текот на годината | Стручен кадар од различни области; Стручна служба, Наставници, БРО | Сертификати за учество на обуки и семинари, Извештаи | Примена на современи методи, техники и форми на работа, подобрени образовни резултати |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество во работата на стручните активи, семинари, работилници и предавања | Зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето | Цела учебна година | Наставници, родители, Стручна служба, високообразовни институции, МОН, БРО | Записници и извештаи за работата на стручните активи,<br>фотографии | Присуство на обуките и семинарите |
| | Редовно следење на литература за организацијата на работата на стручните органи во училиштето. | Осовременување на работата на стручните органи | Септември - јуни | Стручна служба, преставници на издавачки куќи | Примена на современа стручна литература во работењето | Редовно следење на работата на стручните органи |
| | Изготвување на план за вработување | Согледување на кадровските потреби | Мај-јуни | Секретар | Годишен план за вработување | Реализација на планот |
| | Обезбедување на стручен и компетентен кадар | Навремено обезбедување на потребниот кадар | Септември-јуни | Училишен одбор, АВРМ | Разговор, интервју | Непречено одвивање на наставата во текот на учебната година |
| | Планирање на годишните задолжувања со работни задачи во рамките на 40 часовна работна недела. | Распределба на работните ангажмани со цел да се зголеми ангажираноста при остварување на поставените цели | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручна служба, администрација | Тимска работа, акциски планови на тимовите | Реализирани зададени задачи и задолженија на: наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски и наставнички совет, одделенски раководства и други задолженија; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Следење на воннасттавните и вон училишните ангажмани | Остварување на поставените цели во годишната програмаа и програмата за развој на училиштето. | Во текот на целата година | Наставници, стручна служба, родители, администрациј а | Анализа, записници | Остварување на планираните активности во текот на целата учебна година |
| | **ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | | | | | |
| | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАЦИ ЈА | СОРАБОТНИЦ И | ИНДИКАТОРИ<br>докази/форми/<br>методи | ИСХОДИ |
| | Планирање и оперативна организација за активностите за почетокот на учебна 2024/2025год. | Согледување на потребите за успешен почеток на учебната година | Август | Наставници, стручна служба | Анализа, синтеза | Успешен почеток на учебната година, пригодна приредба по повод првиот училишен ден и по повод приемот во детската организација |
| | Планирање на реализација на екстерни и интерни проекти | Осовременување на наставниот процес | Август-септември | Наставници, стручна служба<br>Група родители,<br>Директор | Анализа, разговор | Навремена реализација на активностите од постоечките проекти |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Согледување на потребите за видот и количината на потребни нагледни средства; | Снабдување на потребните нагледни средства за работа, смарт табли, проектори, компјутери и др.електронска опрема | Во текот на целата учебна година | Наставници | Анализа | Набавени нагледни средства, смарт табли за две училници, панелза кабинет по фр.јазик, географски и историски карти и стручна литература; |
| | Изготвување на план за стручното усовршување на наставниот кадар; | Детектирање на потребите за стручно усовршување | Септември | Стручна служба, наставници | Анкетни прашалници, анализа | Примена на планираното, посетени обуки и семинари |
| | Создавање на идејна концепција, планирање на работата на училиштето и стручните органи, подготовка на предлог поделбата на работата и задолженијата | Делегирање на одговорности | Септември | Стручна служба, наставници | Зголемена одговорност и доследност во работењето | Делегирани одговорности на сите структури во училиштето и нивно непречено одвивање во текот на учебната година, според насоките во Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 год. |
| | Избор на клучните моменти од работата на училиштето кои ќе бидат приоритети во планирањето | Дефинирање на приоритетните цели во работењето на училиштето | Јуни - септември | Стручна служба, наставници | Екипирање, анализирање, реализирање | Определени приоритетни цели и истите вметнати во Годишната програма. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на годишна програма за работа на училиштето | Да се изготви годишна програма во согласност со законската регулатива | Јуни - август | Тим за изработка на годишна програма, стручна служба, наставници, директор | Правилник за изготвување на Годишна програма,<br><br>Годишна програма | Усвоена е Програмата за работа од Советот на општина Карпош |
| | Изработка на личен план за работа | Планирање на активностите во согласност со програмата и целите на училиштето | Август | Директор | Програма за работа | Евалвација на планираното |
| | Одговорни наставници, ученички организации,.Детска организација, МИО | Избор на лидери на тимови | Август | Директор, стручна служба,наставници,<br>ученици | Извештаи, фотографии, записници | Успешност во функционирањетна ученичките организации во училиштето. |
| | Изготвување на распоред за дежурни наставници, | Усогласување со распоредите од другите училишта поради колегите кои предаваат во повеќе училишта | Август | Наставници, стручна служба | Консултации со колеги во и надвор од училиштето, Распоред на дежурства | Редовно спроведување на дежурствата |
| | Увид во планирани наставни и воннаставни активности | Реализација на наставните и воннаставните активности во согласност со концепцијата за основно образование | Во текот на целата година | Наставници, стручна служба | Акциони планирања | Континуирано следење на сите наставни и воннаставни |
| | Увид во годишните планирања на наставниците и стручната служба | Да се сгледа застапеноста на сите потребни елементи во планирањето | Септември | Стручна служба | Анализа разговор,<br><br>Укажување,<br><br>насочување | Степен на застапеност на потребните елементи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Увид во дневните планирања | Да се сгледа застапеноста на сите потребни елементи во дневните подготовки | Октомври-јуни | Стручна - служба | Анализа разговор,<br>Укажување,<br>насочување | Редовно пишување на целосни и издржани дневни подготовки |
| | Посета на часови | Увид во квалитетот на наставниот процес | Во текот на целата учебна година | Стручна служба | Инструмент за следење на наставата | Следени и анализирани наставни часови и дадена конструктивна повратана информација |
| | Вреднување на работата на училиштето | Да се согледа моменталната состојба во однос на квалитетот на работењето | Во текот на целата учебна година, со посебен осврт во јануари и јуни | Стручна служба , тимови од наставници | Инструменти, индикатори процедури | Изготвени анализи и споредбени анализи. |
| | | | | | | |
| | Увид во Самоевалвацијата  на училиштето | Утврдување на состојбата во работењето на секое подрачје одделно | Во текот на учебната година | Тим за изработка на самоевалвација работата на училиштето | Разговори, анализи, предлози,<br>анкетни прашалници, изработени извештаи по подрачја | Утврдени силните и слаби страни во работењето |
| | Увид во реализацијата на поставените цели во развојниот план | Да се согледаат потребите од корекција на планот за развој на училиштето | Континуиран о | Наставници, стручна служба | Записници од средби и извештаи од тимотвите | Степен на реализација на конкретните цели планирани за тековната учебна година |
| | Организирање на нагледни отворени часови | Размена на добри практика | Во текот на учебната година | Наставници, стручна служба | Инструменти за следење | Одржани нагледни часови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Анализа на постигањата на учениците | Согледување на квалитетот во наставата | ноември, јануари , март јуни | Стручна служба | Анализи на постигнатиот успех во тековната учебна година, споредување по тримесечја и полугодија, споредбени анализи со изминати учебни години | Извештај од споредбени анализи |
| | Промовирање на постигањата на учениците | Да се мотивираат учениците за уште поголеми постигнувања | Во текот на целата година | Наставници, стручна служба | Веб страна, ФБ страна, ВЕБ страна на општината | Освоени награди и признаниа,на училишно, регионално, градско, државно ниво; |
| | Изработка на планови, протоколи и правилници за зголемувањеа на безбедноста на учениците,заштита на нивното здравјето и создавање здрава средина за учење и развој | Унапредување на безбедноста на сите нивоа, унапредување на физичкото, ментално здравје и емоционално здравје на учениците | јули, август | Наставници и стручна служба,<br><br>Виш соработник за одбрана и заштита | Записници и извештаи од средби и разговори, Куќен ред на училиштето, Правила за користење на мобилни телефони, Упатства за зголемување на безбедноста според насоките од Влада и од МОН | Изготвени планови, протоколи, упатства и правилници |
| | Следење на правилата за безбедност и проценка на ризик на работните места | Унапредување на безбедноста на сите нивоа, според работните места и ризикот на работното место | Септември-јуни | Директор,<br><br>домаќин, секретар | Извештаи за систематски преглед<br><br>Санитарни книшки<br><br>Записници за завршена обука за ризици на работно место | Подобрени компетенции<br><br>Потпишани изјави за безбедност и проценка на ризик на работните места,<br><br>Уверенија за посетена обука |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи<br><br>Активности за помала загрозеност | Квалитативна и квантитативна анализа на податоците за можни опасности за настанување на природни и дручи несреќи и предвидување на можни последици | Август-септември | Сите вработени во училиштето,<br><br>Виш соработник за одбрана и заштита | Формиран штаб и единици за заштита и спасување | Добиено позитивно мислење и записник од инспекциски Надзор од агенција за заштита и спасување. |
| | Ажурирање на правилникот за заштита од пожари и експлозии | Уредување на начинот на организирање на противпожарната заштита | Август-октомври | Референ за заштита и спасување<br><br>Сите вработени во училиштето | Делегирање на одговорности на сите вработени и дефинирање на мерки за заштита и постапки во случај на пожар, | Изготвен план и исправна и сервисирана техничка опрема за гаснење на пожар |
| | Ажурирање на планот за заштита и спасување од проценети опасности | Правилно и навремено реагирање во случај на елементарна непогода | Јануари | Директор<br><br>Наставници и стручна служба | Изготвен и ажуриран план | Усвоен план за заштита и спасување и позитивно мислење од инспекциски надзор. |
| | Формирање на тимови за заштита и спасување | Обука на тимовите за правилно постапување и делување | Јануари | Директор<br><br>Наставници, стручна служба | Формирани тимови и делегирани одговорности | Подобрени компетенции<br><br>Комуникација со Дирекцијата за заштита и спасување |
| | Изготвување на распоред за дежурни наставници, | Создавање на тимови за дежурства, според добиените здравствени протоколи | Септември | Наставници | Секој наставаник од 1-3 одд. дежураше во својата училница, со својата група | Редовна реализација на дежурствата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запознавање на родителите со куќниот ред и кодексот на однесување во училиштето | Намалување на конфликтни ситуации и недоразбирања | Септември | Наставници, стручна служба | Истакнат куќен ред на огласна табла, на WEB страната | Куќниот ред на училиштето од страна на родителите, наставниците и учениците се почитува во целост. |
| | Формирање и следење на работата на инклузивниот тим | Поголема успешност во работењето со деца со посебни потреби | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручна служба | Разговор, дијалог, анализа, | Записници од средби, белешки и извештаи од набљудување |
| | **ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ** | | | | | |
| | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ | ИНДИКАТОРИ<br>докази/форми/<br>методи | ИСХОДИ |
| | Учествува во изготвување на финансискиот план за работа на училиштето. | Планирање на средствата и нивната потрошувачка | Ноември-декември | Сметководител | Годишен финансиски план | Изготвен извештај за реализација на финансискиот план |
| | Учествува во изготвување на планот за јавни набавки | Утврдување на потребите од јавни набавки | Јануари | Комисија за јавни набавки | План за јавни набавки | Подготвен план |
| | Создавање услови за усвојување на завршната сметка | Транспарентен увид во располагањето и користењето на финансиските средства | Февруари | Училишен одбор | Записници | Уредна завршна сметка, финансиски извештај |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Континуиран увид во трошење на средствата од одобрениот буџет | Наменско користење на буџетот | Континуирано | Секретар, сметководител<br>Училишен одбор | Финансиски планови | Финансиски извештаи |
